**ОРЦЕ НИКОЛОВ**
**Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА**



| | |
|---|---|
| Датум: | 21.04.2020 |
| Тема: | РЕЦИКЛИРАЊЕ |

**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Дневна активност: | РЕЦИКЛИРАЊЕ -МЕМОРИЈА |
| Цел на активноста: | - да се развива способноста за класификација, компарација и серијација според боја, форма, големина вид и род<br>- да се поттикне преку ликовните техники да ги изразува своите чуства и мисли<br>- да се потикнува да искажува радост и задоволство од успешно завршената работа |
| Стандард: | - Детето демонстрира знаење за количина број и броење<br>- Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност<br>- Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции |
| Активност | **Игра меморија** |
| Опис на активноста | Објаснете му ја на детето важноста од рециклирањето на материјалите и што се може да рециклираме (хартија, пластика, стакло) како и дека се повеќе работи околу нас се добиваат по пат на рециклирање. Денес заедно со детето ќе направиме „картички“ за меморија користејќи картонска табла за јајца. Дозволете му на детето да ја исече таблата за јајца коцка по коцка така што ќе направи неколку коцки, а внатрешниот дел ќе го обои по две исти полиња. Од кога ќе биде биде готово истите ќе ги превртите и забавата може да почне. Доколку немате картонска табла за јајца користете капачиња од тегли чија внатрешност ќе ја обои |

| | |
|---|---|
| | детето со фломастер.<br><br>**Моето замислено другарче**<br><br>Рециклирањето дава голема можност за исполнување на своите замисли па така дозволете му на детето да ја искористи својата имагинација изработувајќи го своето замислено другарче. Како материјал користете ролна од тоалет хартија, разни платна, цевки, шпатули се` она што како рециклирачки материјали може да го најдете низ дома.<br><br>Имајте пријатна забава! |
| Потребни материјали | картонска табла за јаца, фломастери, ножици, ролни од тоалет хартија, капачња, копчиња, шпатули, најразличен рециклирачки материја |
| Прикачување на слика, линк, или видео | <br>  |

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Цел на активноста: | - да се подржува љубопитноста на детето кон новите настани и предмети во опкружувањето<br>- да се развива способност да витка тутка и лепи хартија и друг материјал |
| Стандард: | - Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства<br><br>- Детето може да воспостави контрола на движењето на дланките и прстите |
| Активност | **Кутија за фломастери** |
| Опис на активноста | За оваа активност потребно ќе ни биде тетрапак опаковка. Вие како родители ќе имате задача најнапред да им ја исечете на децата и направите во вид на кутија за чување фломстери, боички…. Задача на децата ќе биде да учествуваат во нејзино украсување преку туткање на салфетки или пак цепење на весникарска хартија и нивно лепење. Повторно ја ставаме имагинацијата на децата во прв план како и развивањето на способноста да витка, турка и лепи и желбата за тоа како сакате да им изгледа нивната кутија за фломастери користејќи рециклирачки материјал кои не опкружува.<br><br>**Да ги зачуваме спомените**<br><br>Денес преку рециклирање исто така како втора активност ке имате за задача да направите рамка за слика. Потребно ќе ви биде едно подебело парче картон исечено во форма на коцка или правоаголник а останатото ќе биде задача на децата. Дозволете им да изберат материјал за работа ние може да ви понудиме ситни макарони, цевки, тврда хартија од која може да сечат разни форми и иститe да ги лепат по краевите на тврдиот картон. Бидете до него помагајте го насочувајте го и подржувајте ја неговата љубопитност. За крај направете една заедничка фотографија која ќе ве потсетува на едно убаво време. Пријатна работа. |
| Потребни материјали | Тетрапак амбалажа, салфетки, весници, макарони, цевки, капачиња, тврд картон, најразличен рециклирачки материјал |

<table>
<tr>
<td>Прикачување на слика, линк, или видео</td>
<td>







</td>
</tr>
</table>

ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

**Возрасна група: 2-3 години**

| | |
|---|---|
| Дневна активност: | Изработка од рециклирачки материјал капа за роденденска забава |
| Цел на активноста: | - Да се подржува индивидуалниот пристап кон откривање и учење на нови работи<br>- Да се поттикне да ги користи дланките и прстите |
| Стандард: | - Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства<br>- Детето може да воспостави контрола на движењето на дланките и прстите |
| Активност | **Капа за роденденска забава** |
| Опис на активноста | Задача на родителите во оваа активност е да им направат на децата капа од поцврст картон или хамер, а децата користејќи ја својата имагинација истата да ја украсат користејќи најразличен рециклирачки материјал кој го имаат дома (текстил, копчиња, платно, сунѓер…) а потоа направете заедничка забава.<br><br>**Пролетен цвет од рециклирачки хартија**<br><br>Земете лист од блок, нацртајте му на детето голем цвет, дајте ми весници и дозволете ми да го излепи цветот користејки ги прстите за цепење и лепење на хартијата. |
| Потребни материјали | Блок, весникарска хартија, тврд картон, топчиња, платно, сунѓерче,лепак.. |
| Прикачување на слика, линк, или видео |   |

| | |
|---|---|
| |   |

**Возрасна група: 0-2 години**

| Стандард: | - Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите. |
|---|---|
| Активност | **Јас сум сликар** |
| Опис на активноста | Позајмете од тато малу пена за бричење и во неа ставете неколку капки боја за храна. Со тенко стапче плека се меша пената, правејќи криви линии. Ќе добиете прекрасни шари. Потоа ставете бела картонска картичка на неа, нежно притиснете ја во шарена боја, извадетеја и отстранете ја вишокот на пена од неа. ЌЕ добиете убава шарена слика. |
| Потребни материјали | Пена за бричење, бои за храна или темперни бојi, стапче, бели листови |
| Прикачување на слика, линк, или видео |   |